КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

## ЈУНИ **2021**




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА


Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Високото ниво на оптимизам поврзано со позитивните економски индикатори и забрзаниот процес на вакцинација против Корона вирусот резултираше со пораст на повеќето акциски индекси. Во текот на месец јуни глобалните пазари на капитал пораснаа за 1,20% (мерени преку MSCI ACWI индексот).

Најголем раст имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со раст од 2,22% и европските компании кои се дел од STOXX 600 индексот со раст од 1,36%.

Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаа исто така американските и европските акции со раст од 14,41% и 13,49% соодветно.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик

MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој

STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави

*Извор: Блумберг*


ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми својата вредност за 0,06%, со што кумулативно од почетокот на годината има раст од 12,25%.
Во текот на месецот акции кои имаа најголем раст беа акциите на Стопанска Банка Битола со раст од 4,48% и НЛБ Банка со раст од 3,20%, додека најголем пад на вредноста имаа акциите на Стопанска Банка Скопје чија вредност се намали за 3,89% и акциите на ТТК Банка со пад од 3,62%.
Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на Комерцијална Банка и НЛБ Банка со раст од 20,54% и 19,99% соодветно.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Заздравувањето на економиите и стравот од можно зголемување на стапките на инфлација од една страна и изјавите на монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки, доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници од почетокот на годината. На крајот на месец јуни највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 1,46% и 1,47% соодветно, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,21% и -0,22% соодветно.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец јуни повеќето валути ја зголемија вредноста во однос на еврото. Најголем раст во текот на месецот имаа руската рубља (RUB) со раст од 3,60% и американскиот долар (USD) чија вредност се зголеми за 3,03%.

Од почеток на годината најголем раст во однос на еврото имаат кинескиот јуан (CNY) со раст од 4,51% и британската фунта (GBP) со раст од 4,31% , а најголем пад имааше јапонскиот јен (JPY) чија вредноста се намали за 4,20%.




*Извор: Блумберг*